Овој леток е дел од серијата напишана од медицински сестри, лекари и експерти со искуство во грижата за стари лица. Серијата има за цел да го олесни вашиот пат до сместување во дом за нега на стари лица. Побарајте други летоци за прашања што треба да ги поставите за специфични потреби за нега. Овие може да се преземат на: **www.10questions.org.au**

Овие летоци може да ви бидат корисни:

- Во потрага по висококвалитетна установа за нега на стари лица
- При разгледување на квалитетот на вашата сегашна установа за нега на стари лица
- При одлучување помеѓу две резиденцијални установи за нега на стари лица кои изгледаат слично.

Важно е да има доволно регистрирани медицински сестри во комбинацијата на вештини на персоналот за да ги задоволат потребите на сите. Треба да поставувате прашања за тоа како ќе се задоволат вашите индивидуални потреби за нега.

Многу вработени носат слични униформи. Само затоа што некој изгледа како медицинска сестра не значи дека е. Еве ги разликите:

A **Регистрирана медицинска сестра (RN)** има завршено минимум три години високо образование за диплома за медицински сестри. Тие можат да пружат нега, да ракуваат со лекови против болки и да помогнат да се спречат непотребните приеми во болница.

**Заведена медицинска сестра (EN)** работи под раководство на RN. И двете се регистрирани од регулаторно тело. Регистрацијата обезбедува одржување на професионалните стандарди и ја штити јавноста.

**Асистентите по медицинска нега (AIN) / Работниците за нега / вработените во Службата за нега (CSE)** работат под надзор на медицински сестри и обезбедуваат најголем дел од негата во станбените установи и во заедницата. Нивното ниво на обука е различно.

Декември 2022 година

# ВАШЕ ПРАВО Е ДА ПРАШАТЕ

Најдобар начин да најдете установа за нега на стари лица што ви одговара е да посетите неколку. За да ги најдете вашите локални установи или за повеќе информации за услугите за нега на стари лица, контактирајте: **My Aged Care**

**1800 200 422**

**myagedcare.gov.au**

Ако ви треба застапување или стручен совет за било кое прашање што не е опфатено во овој леток:

**Служба за права на постарите лица (Seniors Rights Service)**

**1800 424 079**

Овој леток е составен и одобрен од:

За целосна листа на организации за поддршка, посетете ја веб-страницата **www.10questions.org.au**

Ако имате загриженост за некоја установа за нега на стари лица, контактирајте:

1800 951 822

Australian Government
Aged Care Quality and Safety Commission

**www.agedcarequality.gov.au**

# 10 Прашања да поставите

## ЗА Потребите на лезбејки, хомосексуалци, бисексуалци, трансродови, интерсексуалци во резиденцијални установи за нега на стари лица

## (LGBTI - MACEDONIAN)

**www.10questions.org.au**

*Оваа брошура е дизајнирана да ви помогне кога одлучувате кои установи за нега на стари лица да ги посетите. Можете да ја проверете нивната веб-страница или да побарате документи за да видите дали тие вклучуваат информации за вклучување на ЛГБТИ*.*

*Некои даватели на услуги се здбија со Ознаката на виножито (Rainbow Tick) (ЛГБТИ акредитација) и постојат одредени критериуми што службите мора да ги исполнат за да се сметаат за безбедни за ЛГБТИ луѓето. За повеќе информации за ова, одете на https://rainbowhealthaustralia.org.au/rainbow-tick и https://www.myagedcare.gov.au/understanding-specialisations-and-verification. Незаконски е било која служба да ги дискриминира ЛГБТИ луѓето.*

## 1 Дали постои ЛГБТИ начело за вклучување или различност кое се однесува на секое од Л,Г,Б,Т и И?

Само затоа што постои начело не мора да значи дека вашите индивидуални околности се покриени. Проверете дали се вклучени прашањата што вам ви се важни.

## 2 Дали постои инклузивно начело за вработување кадар кој е ЛГБТИ?

Важно е да имате персонал со кој имате исто сфаќање и кој ќе ги разбере вашите индивидуални потреби. Проверете дали установата за нега на стари лица има утврдено начело за позитивно вклучување на ЛГБТИ во групата на персонал.

## 3 Дали постои кодекс на однесување за персоналот и жителите во кој се наведува дека нема да се толерира дискриминација и вознемирување на ЛГБТИ постарите луѓе или нивните семејства и пријатели?

Постојат закони кои ве штитат од дискриминација врз основа на вашата сексуалност, родов идентитет или интерсексуален статус. Овие закони важат и за давателите на нега за стари лица кои се базирани на вера.

## 4 Дали се слават ЛГБТИ настани како IDAHOBIT**, Mardi Gras, Midsumma, Светскиот ден на СИДА, Денот на подигање на свеста за интерсексуалците или други ЛГБТИ настани?

Вашите права да уживате во вашиот начин на живот не треба да бидат компромитирани само поради местото каде што живеете. Прашајте какви ЛГБТИ активности се случувале во минатото и кои се планирани. Додека шетате наоколу, проверете дали има видливи изложби што укажуваат на вклученост и застапеност на минати настани и ЛГБТИ содржина во програмата за активности.

## 5 Дали персоналот добил обука за инклузивност на ЛГБТИ и/или дали има постојана обука за искуствата и потребите на ЛГБТИ луѓето?

Проверете дали обуката е дел од воведувањето на нов персонал и дали постоечкиот персонал редовно добива ажурирања. Прометот на персоналот може да биде голем, затоа проверете дали сите вработени се обучени.

## 6 Дали има ЛГБТИ лица кои доаѓаат во установата или членови на семејството/деца кои се ЛГБТИ со кои можам да разговарам?

Честопати е корисно да се зборува со луѓе кои ги разбираат ЛГБТИ прашањата од перспектива на лично искуство. Ако ги прашате директно за нивните искуства, тоа може да помогне во вашата одлука. Проверете дали има линкови до програма за посетители на ЛГБТИ заедницата.

## 7 Ако сум трансродов/а или родово различен - дали има начело за поддршка во одржувањето на мојот потврден пол или идентитет?

Еден од начините на кои можете да го испитате ова е да проверите дали формуларите што треба да ги пополните го препознаваат вашиот родов идентитет. На пример, дали имаат опции за родов идентитет како машко / женско / небинарно. Прашајте дали персоналот поддржувал некого за медицинска и/или социјална транзиција во минатото и дали знае каде да дојдат до поддршка ако некој треба да премине додека е во службата. Дали имаат општи лекари кои се транс-инклузивни и можат да препишат хормони?

## 8 Дали постои начело за поддршка на мојот однос со мојот партнер и семејството по мој избор?

Треба да има начела што го покриваат сексуалното изразување и комуникацијата со вашето семејство по ваш избор. Проверете какви аранжмани има за да се обезбедат приватни соби/простор за интимност или време насамо со партнерите.

## 9 Ако сум интерсексуалец, дали постои начело за одржување на мојата приватност и доверливост и дали персоналот има разбирање за тоа како да пружи нега што ја почитува мојата телесна автономија?

Треба да има начела за одржување на приватноста и доверливоста. Персоналот треба да биде свесен за специфичните искуства на интерсексуалните луѓе, вклучително и можните минати искуства со траума.

## 10 Дали имате достапни брошури или други информации од ЛГБТИ услугите?

Проверете какви аранжмани постојат за добивање на надворешни услуги и дали ќе треба да платите дополнително за нив. Ако се плаќаат дополнителни трошоци, проверете дали тие се јасно наведени во вашиот договор со давателот на нега на стари лица.

***Можеби имате други прашања - погрижете се да ги поставите.***

*Лезбејки, геј, бисексуалци, трансродови и интерсексуалци (ЛГБТИ)
**Меѓународен ден против хомофобија, трансфобија и бифобија